## Кодекс за финансирање на жени претприемачи

## Писмо за приклучување кон Кодексот

ПроКредит Банка АД Скопје со гордост го поддржува Кодексот за финансирање на жени претприемачи (во понатамошниот текст: „ Кодексот "), глобална иницијатива која има за цел да го намали финансискиот јаз и да ги отстрани бариерите за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) во сопственост на жени и водени од жени. Како потписник, ПроКредит Банка АД Скопје се обврзува да соработува со националните партнери, да обезбеди лидерство, да ги зајакне системите за податоци и да преземе конкретни активности за економско зајакнување на жените и унапредување на родовата еднаквост во финансискиот сектор.

Како потписник на Кодексот, ПроКредит Банка АД Скопје се обврзува да ги спроведе следниве активности во рамките на трите столба на Кодексот:

**Заложби за лидерство:**

- ПроКредит Банка АД Скопје ја назначува Добринка Стефанова Ѓоргиева како претставничка на банката во Националната коалиција, која ќе ги предводи и претставува напорите на нашата институција во рамките на Кодексот.
- ПроКредит Банка АД Скопје останува посветена на поттикнување инклузивна работна култура. Како дел од оваа заложба, ќе продолжиме да обезбедуваме обуки за вработените на теми поврзани со Диверзитет, Еднаквост и Инклузија (DEI), кои ги опфаќаат и принципите на родова еднаквост.
- ПроКредит Банка АД Скопје ќе продолжи да вклучува посебен дел во Годишниот извештај на Групацијата посветен на родовата еднаквост и поддршката на жените претприемачи. Овој дел е составен од Извештајот за влијание на Групацијата и ги истакнува нашите политики, иницијативи и постигнувања во промовирањето на инклузивноста и економското зајакнување.

**Заложби за податоци:**

- ПроКредит Банка АД Скопје активно ќе го користи инструментот – контролна табла на Кодексот за финансирање на жени претприемачи (WE Finance Code) за поддршка на информираното донесување одлуки, обезбедувајќи дека родовата еднаквост и инклузивните практики се вградени во нашите финансиски стратегии и операции.
- ПроКредит Банка АД Скопје ќе продолжи да следи и известува за податоци разделени по пол за сите релевантни производи и портфолија, вклучително и оние што се однесуваат на мали и средни претпријатија (МСП), со цел да се обезбеди транспарентност и поддршка за информирано донесување одлуки.
- ПроКредит ќе ја применува официјалната дефиниција за микро, мали и средни претпријатија (ММСП) предводени од жени, утврдена од Националната коалиција, обезбедувајќи конзистентност и усогласеност со признатите стандарди во сите поврзани програми, известувања и иницијативи.

**Заложби за активности:**

- ПроКредит Банка АД Скопје ќе продолжи да ги поддржува бизнисите предводени од жени преку понуда на специјално дизајнирани финансиски производи и пакети. Овие решенија ќе одговараат на специфичните потреби на жените претприемачи преку карактеристики како флексибилни опции за отплата, минимални барања за обезбедување и интегрирани нефинансиски услуги, поттикнувајќи одржлив раст и долгорочен успех.
- ПроКредит Банка АД Скопје ќе продолжи да ги поддржува микро, малите и средни претпријатија (ММСП) предводени од жени преку наменски работилници и програми, како и специјализирани модули во рамките на Бизнис академијата. Овие иницијативи ќе се фокусираат на зајакнување на капацитетите на жените претприемачи преку обуки за банкарски вештини, финансиска писменост и кредитна подготвеност, обезбедувајќи им знаење и алатки потребни за одржлив раст.
- ПроКредит Банка АД Скопје ќе продолжи да ги поддржува микро, малите и средни претпријатија (ММСП) предводени од жени преку менторски и мрежни иницијативи. Овие програми ќе имаат за цел да ги зајакнат претприемачките вештини, да обезбедат пристап до стручни совети и да поттикнат значајни поврзувања во деловните заедници, со што се промовира одржлив раст и економско зајакнување на жените претприемачи.

- ПроКредит Банка АД Скопје ќе продолжи да ги поддржува бизнисите предводени од жени — наши клиенти — преку организирање промотивни активности, односи со јавност и маркетинг кампањи насочени кон зголемување на нивната видливост и зајакнување на нивното присуство на пазарот. Овие активности имаат за цел да ги зајакнат жените претприемачи и да го истакнат нивниот придонес кон одржливиот економски развој.

- ПроКредит Банка АД Скопје ќе продолжи да ја подига свеста кај младите низ целата земја за родовата еднаквост преку работилниците "Жените го редефинираат успехот" организирани во соработка со образовните институции.

Во прилог на ова писмо се доставува листа на сите обврски со рокови за спроведување и индикатори за следење на напредокот.

Со нетрпение очекуваме да соработуваме со нашите партнери во Националната коалиција на Кодексот за финансирање на жени претприемачи, со цел да постигнеме видливо и одржливо влијание за жените претприемачки во Северна Македонија.

**Со почит,**

Емилија Спировска

Член на Управен Одброр

Скопје, 27.02.2026

ПроКредит Банка АД - Скопје
ProCredit Bank AD - Skopje
18

ProCredit Bank
Manapo 7, 1000 Skopje
Republic of North Macedonia
S.W.I.F.T PRBUMK22

Phone: +389 2 244 60 00
mkd.info@procredit-group.com
www.pcb.mk

Members of Managing Board:
Emilija Spirovska, Member of Managing Board
Stevce Kuzmanovski, Member of Managing Board
Milan Damchevski, Member of Managing Board
Maja Mihajlova, Member of Managing Board